**КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР**
**ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**предлог на НАкС**
**(РЕЗИМЕ)**

Со Колективниот договор за којшто се залага НАкС низ 128 членови детално се уредуваат правата, обврските и одговорностите од работен однос на работниците и работодавачот, кои произлегуваат од работниот однос заснован во одделот високо образование и наука, обемот и начинот на нивното остварување и други прашања од интерес на работниците и работодавачот, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните односи.

Засновањето и престанокот на работниот однос, начинот на унапредување на наставниот кадар, заштитата при работа, правото на годишен одмор, боледување, користење на платено и неплатено отсуство, работното време, правото на штрајк се уредени со општите акти како што е Законот за работни односи и Законот за високо образование. Но овој договор е гаранција дека со општите акти и поединечните колективни договори на ниво на работодавач нема да можат да се утврдат помали права на вработените отколку правата кои се утврдени со овој Колективен договор. Имено според законската регулатива Колективниот договор е највисокото можно ниво на заштита на правата на работниците.

Колективниот договор што го предлага НАкС предвидува зголемување на правата на вработените во јавните високообразовни институции во поглед на финансирањето на дејноста, во поглед на условите за работа, во поглед на работното време и во поглед на синдикалната заштита.

Овој Колективен договор предвидува во буџетот на РСМ (основен буџет) да бидат обезбедени средства за исплата на плати на наставен кадар при нивно унапредување или избор во повисоко академско/научно-истражувачко звање здобиено во согласност со Законот за високо образование и Законот за научно-истражувачка дејност на РСМ, почнувајќи од наредниот месец по изборот.

Тој исто така предвидува со средствата од Основниот буџет на МОН да се финансира основната дејност на високообразовните и научни установи, што овозможува спроведување на високообразовните и научно-истражувачките активности, односно (а) опрема што овозможува извршување на регистрирана дејност; (б) уреден простор за обавување на наставни, научни, истражувачки, стручни и уметнички активности; (в) помош од демонстратори за одржување на вежбите или од технички кадар за лабораториските вежби; (г) достапност на информатички и комуникациски технологии (ИТ опрема); (д) заштитна работна облека; (ѓ) средства потребни за спроведување на наставниот процес надвор од просториите на установите, во согласност со усвоените наставни планови и програми на установите; (е) плати, надоместоци и додатоци на плата на вработените во согласност со законите.

А, сопствените приходи на високообразовните и научните установи добиени по основа на: партиципации и школарини за прв, втор и трет циклус на студии: стручни, специјалистички и интердисциплинарни студии реализирани во рамките на универзитетите со други домашни или странски високообразовни или научни институции; реализација на научноистражувачки и уметнички проекти; интелектуални и професионални услуги за трети страни на пазарот; како и приходи од камати, подароци, завештанија, легати, изнајмување простор и др. да се користат

за подобрување на условите за студирање, за развој на научноистражувачката и уметничка работа, договорни услуги и др.

Колективниот договор на НАкС гарантира дека основната плата на вработените во високообразовните институции ќе се утврдува така што износот на најниската плата ќе се множи со коефициентот на сложеност на работното место на кое работникот работи, според договорот за вработување (в. Табела со коефициенти на сложеност на работното место). Најниската плата на работникот за најнизок степен на сложеност ќе биде во висина на износот на минимална плата утврден согласно Законот за минимална плата, а прилагодувањето на основата за пресметување на платата ќе се врши секогаш кога ќе се изврши зголемување на минималната плата од страна на законодавачот.
На овој начин ќе се стави крај на манипулациите и условувањата во однос на законската основа за покачувања на платите на вработените на јавните универзитети и ќе биде загарантирано дека тие континуирано ќе растат, а не само инцидентно.

**Табела со коефициенти на сложеност на работното место**

| **Име на работно место** | **Основа Минимална нето плата на РСМ** |
|---|---|
| | **Коефициент** |
| **Академски / научно-истражувачки кадар** | |
| Редовен професор/научен советник | 5,0 |
| Вонреден професор/виш научен соработник | 4,6 |
| Доцент/научен соработник /професор на висока стручна школа/виш лектор | 4,3 |
| Лектор/ виш предавач | 4,1 |
| Асистент/асистент докторанд (со докторат) | 3,5 |
| Асистент, виш соработник, лектор | 2,9 |
| Помлад асистент, стручен асистент | 2,4 |
| | |
| **Ненаставен кадар** | |
| Генерален секретар на Универзитет | 3,6 |
| Секретар на Факултет/Академија/Институт | 3,5 |
| Главен внатрешен ревизор / Советник на Ректорот | 3,2 |
| Раководител на сектор | 2,9 |
| Раководител на одделение | 2,5 |
| Советник | 2,4 |
| Виш соработник/техничар/лектор | 2,3 |
| Соработник | 2,2 |
| Помлад соработник/техничар/виш лаборант | 1,8 |
| Самостоен референт/лаборант | 1,6 |
| Виш референт | 1,5 |
| Референт | 1,4 |
| Помлад референт | 1,2 |

| | |
|---|---|
| Помошно-технички кадар | 1,0 |

Основната плата на наставниот кадар ќе се однесува на оптималното, т.е. целосното оптеретување на академскиот кадар во однос на наставата и научните активности во текот на 40-часовната недела, приштo работното време се распоредува на следниов начин:
(а) Наставници: 20 часа наставни активности на прв и на втор циклус студии и 20 часа за вршење на научно-истражувачка и уметничка дејност, како и за учество во работата и управувањето на установата. Наставните активности предвидуваат настава (предавања, индивидуална настава, вежби, практична настава, подготовка за изведување предавања и вежби, минимум 4 и максимум 8-12 наставни часови неделно за наставници и минимум 10 часови од нормата за вежби, односно 300 часови годишно за соработници), консултации, континуирано оценување, завршни испити, индивидуална работа со студенти.

Колективниот договор на НАкС предвидува средствата за зголемување на основната плата по основа на работна успешност и покажани резултати, за минат труд, функционалните додатоци за извршување на раководна функција, за исплата на отпремнина за заминување во пензија, за исплата на јубилејна награда да бидат обезбедувани од Буџетот на РСМ (основен буџет).
За извршување на раководни функции се предлага основната плата да се зголемува на следниов начин: (а) Ректор - 50% од основната плата на редовен професор; (б) Проректор и декан/директор - 40% од основната плата во зависност од наставно-научното односно научното звање; (в) Продекан - 30% од основната плата, во зависност од академското звање;
(г) Раководител на организациска единица (институт/оддел/катедра/одделение) - 10% од основната плата во зависност од академското звање.

НАкС е подготвен да прифати разумна временска рамка за реализација на договорот во целост, односно одложена примена на некои членови од Колективниот договор во согласност со реалните можности на Буџетот.